ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 03-3508/1
18-08-2025 20__ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025 ГОДИНА ДО 30.06.2025 ГОДИНА

АВГУСТ 2025 ГОДИНА

Скопје

С о д р ж и н а:

I. ВОВЕД
II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ
III. ЗАКОНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

IV. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2025 до 30.06.2025 год.

4.1. КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ

4.2. ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА
4.3. ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ

4.4..ПРОДАЖБА НА ПОДЗВИЖЕН ИМОТ/ВОЗИЛА
4.5. ОТСТАПЕНИ ВОЗИЛА

4.6. ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

4.7 ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ, ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ

4.8. ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ

4.9. ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ

4.10.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА

4.11. ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ

4.12.ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/АРХЕОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ АРТЕФАКТИ

4.13. ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/ПРЕДМЕТИ

4.14.ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ
4.15. КОНФИСКУВАН ИМОТ

4.16.ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕЖЕН ИМОТ (ДИВОГРАДБИ)

4.17.ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ И УДЕЛИ

4.18. УНИШТУВАЊЕ НА НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРЗОРИ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ, ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ

V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА
5.1Внатрешна организација на Агенцијата

VI.РЕФОРМСКА АГЕНДА-ПЛАН ЗА РАСТ И ОБВРСКИ

VII.ИНСИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

7.1 ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ

8.1.Соработка со државни органи и други институции
8.2.Учество во проекти

IX.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

# I. В О В Е Д

Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошниот текст:Агенцијата) за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година е изготвен согласно член 21 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Сл.весник" бр.64/25, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25) и се доставува до Владата на Република Северна Македонија и до Управниот одбор на Агенцијата.

Извештајот за работата на Агенцијата за управување со одземен имот содржи податоци во врска со работењето на Агенцијата, управувањето и располагањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година. Во овој извештај детално е опишана работата на Агенцијата за првите 6 (шест) месеци од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година.

## II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Агенцијата за управување со одземен имот е самостоен орган на Владата на Република Северна Македонија. Органи на управување на Агенцијата се Управниот одбор и Директорот на Агенцијата.

Управниот одбор е составен од 7 (СЕДУМ) члена со мандат од пет години.

Со Агенцијата раководи директор. Директорот на Агенцијата го избира и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија со Решение за именување вршител на должноста директор на Агенција за управување со одземен имот бр.8080/1 од 27.09.2024 година, за вршител на должноста В.Д. Директор на Агенцијата за управување со одземен имот е именувана Г-ѓа Ирена Илиевска од Куманово. Со Решение за именување на директор на Агенцијата за управување со одземен имот бр.18-5164/1 од 20 Мај 2025 година на Влада на РСМ Г-Ѓа Ирена Илиевска од Куманово е именувана за Директор на Агенцијата за управување со одземен имот.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на ул: „Кеј Димитар Влахов бр.4 , 1000 Скопје со привремена адреса: Бул.Киро Глигоров бр.4. а за сместување на предметите кои се привремено или трајно одземени, располага со:

- Магацински објект и плац за возила во КПУ Идризово
- Магацински објект и плац за возила (во кругот на Тетекс) во Тетово
- Магацински објект и плац за возила во Гевгелија
- Плац за возила во Миладиновци
- Магацин во Славија
- Магацин во Ѓорче Петров

Агенцијата за управување со одземен имот има веб страна: wwww.odzemenimot.gov.mk, и e-mail адреса : info@odzemenimot.gov.mk.

## III.ЗАКОНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Во поглед на правната рамка во период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година беа донесени следните изменувања и дополнувања на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) (Службен весник на Република Северна Македонија бр.64/24) и тоа:

-Закон за дополнување на законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постака бр.37/25 објавено на 19.02.2025 година во Службен Весник на Република Северна Македонија;

-Закон за изменување и дополнување на законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна

постапка бр.86/25 објавено на Службен Веснил на Република Северна Македонија на 28.04.2025 година,;

-Закон за Изменување и дополнување на Законот за управување со одземен имот , имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, бр.101/25 објавено на Службен Весник на Република Северна Македонија на 21.05.2025 година;

## IV.АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2025 ГОДИНА ДО 30.06.2025 година

Во период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот продолжи активно да ги извршува надлежностите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети и да постапува со одземениот имот согласно начелата на добар домаќин и добар стопанственик, начелата на законитост, ефикасност, економичност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

Агенцијата за управување со одземен имот и во текот на овие месеци продолжи да ги врши утврдените надлежности со закон и тоа:

- во рамките на своите ограничени кадровски и технички капацитети Агенцијата управуваше со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети,
- со согласност на судот и другите надлежни органи кои одземаат имот управуваше со привремено конфискуваниот имот и имотната корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.
- ја спроведуваше постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист при што беа конфискувани недвижности, пари од сметки, возила итн.
- Во наведениот период Агенцијата спроведуваше постапка за отстапување на приврвремено и конечно одземен имот .
- Агенцијата спроведуваше постапки за продажба на конечно одземен имот со правосилна одлука.
- и во овој период Агенцијата во рамките на своите просторни можности го чуваше и складираше одземениот имот во магацините во КПУ Идризово, плацот во Миладиновци, магацинот во Тетово за одземен имот, плацот во Гевгелија, магацинот во Славија и магацинот во Ѓорче Петров, за што би сакале да потенцираме и во овој Извештај дека наведените магацини не се доволни за складирање на целокупниот одземен имот во кривична и прекршочна постапка за што Агенцијата ја извести Владата на Република Северна Македонија.
- во соработка со Министерството за правда-Бирото за процена се вршеше проценка на одземениот имот со цел истиот да се продава или отстапува,
- води евиденција на целокупниот одземен имот за кој има добиено

известување од органот кој го одзема привремено или со правосилна пресуда или решение,

- вршеше продажба на одзедениот имот,
- врши други работи утврдени со закон.
- Изготвуваше статистички, финансиски, квартални,годишни и друг вид на извештаи за работа и извештаи за одземен имот.

- Агенцијата за управување со одземен имот во изминатиот период учествуваше во работата на АД Славија извоз- увоз Скопје како мнозински акционер во друштвото. Агенцијата преку свои претставници, именувани од директорот редовно учествуваа на одржаните собранија на акционери и активно учествуваа во донесување на одлуките во врска со работењето на друштвото.

Во однос на работата на Агенцијата за период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Ве известуваме следното:

Агенцијата за управување со одземен имот и во наведениот период продолжи активно да ги извршува работите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник наРепублика Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 ,бр.86/25, бр.101/25 и бр.135/25). Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законот и подзаконските акти, Агенцијата постапувашее редовно и во согласност со заклучоците на Владата на Република Северна Македонија.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот ги донесе следните правилници и подзаконски акти:

1.Правилник за систем на плати и надоместоци на плати, одмори и отсуства од работа а вработените во Агенцијата за управување со одземен имот без статус на административни службеници бр.01-1524/1 од 01.04.2025 година;

2.Правилник за начинот на користење на службените возила во Агенцијта за управување со одземен имот бр.01-413/1 од 23.01.2025 година;

3.Правилник за користење на службен мобилен телефон бр.0101-319/1 од 17.01.2025 година;

4.Политика на интегритет бр.03-734/2 од 24.02.2025 година;

5.Измена и дополнување на Упатство за постапка за спроведување на јавно наддавање за продажба на одземени предмети и конфискуван имот бр.01-903/2 од 23.04.2025 година.

Во пеиодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот ги донесе следните правилници и подзаконски акти:

1.Правилник за начинот на отстапување на конфискуван имот за социјална реупотреба бр.01-716/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на

РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

2.Правилник за начинот на отстапување на привремено одземениот имот на државни органи, здруженија и фондации бр. 01-718/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

3.Правилник за работата на комисијата за уништување на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори бр. 01-719/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

4.Правилник за работата на Комисијата заунишување на одземено оружје, делови и компоненти на оружјето, муниција и експлозивен материјал бр. 01-720/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

5.Правилник со критериуми за отстапување на одземени предмети - возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот бр. 01-714/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

6.Правилник за постапување со одземен имот бр.01-713/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

7.Правилник за формата и содржината на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-721/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ, бр.50 од 05.3.2025 година;

8.Правилник з начинот на користење на средствата добиени од продажба и закуп на одземен и конфискуван имот бр. 01-715/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

9.Правилник за постапување со одземен имот што се состои од животни бр.01-717/1 од 07 февруари 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр.50 од 05.3.2025 година;

10.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање на вработените на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-2427/8 од 28 мај 2025 година, објавен во Службен весник на РСМ бр. 121 од 17.6.2025 година;

11.Одлука на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот за усвојување на Правилникот за систем на плати и надоместоци на плати, одмори и отсуства од работа а вработените во Агенцијата за управување со одземен имот без статус на административни службеници бр.01-1524/1 од 01.04.2025 година, бр.02-1702/20 од 09.04.2025 година;

12.Правилник за користење на угостителски услуги кои се плаќаат од средствата од Буџетот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.01-499/1 од 28.01.2025 година;

13.Одлука за усвојување на план за работа и Ревидиран Финансиски план на Агенцијата за управување со одземен имот за 2025 година бр.02-498/6 од 28.01.2025 година.

14. На ден 07.02.2025 година под арх.бр.0202-712/16 донесен е Деловник за работа на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот . Со денот на донесување на овој Деловник престанува со важност Деловникот за работа на

Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.-2-4368/6 од 02.12.2024 година.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.20205 година Агенцијата ги извршуваше ПРАВОСИЛНИТЕ/КОНЕЧНИ ПРЕСУДИ/РЕШЕНИЈА/АКТИ на судовите и другите надлежни институции за одземање на предметите, конфискација на имот и имотна корист, кои се доставени на извршување на Агенцијата, како и ОДЛУКИ /АКТИТ/ПОТВРДИ/НАРЕДБИ од судови, обвинителства и други надлежни институции ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ( стока,возила,парични средства,предмети и сл), доставени до Агенцијата и тоа:

| Правосилни/конечни пресуди<br>Одлуки/наредби/записници/потврди | Одлуки за Привремено одземен предмет |
|---|---|
| • 30 пресуди за конфискација на противправно стекната имотна корист | • Одлуки за привремено одземен имотна корист (НЕМА) |
| • 23 пресуди за конечно одземени парични средства. | • 24 одлуки/акти за привремен одземени парични средства. |
| • 95 пресуди за одземени возила | • 67 одлуки/акти за а привремеен одземени возила |
| • 15 пресуди и решенија за одземање на цигари, тутун и алкохол | • 72 одлуки/акти за привремен одземени цигари,тутун,алкохол |
| • 86 пресуди за одземено оружје, муниција и експлозивен материјал. | • 33 одлуки/акти заа привремен одземено оружје, муниција и експлозиве материјал. |
| • 367 пресуди за одземена разна стока | • 230 одлики/акти заа привремен одземена разна стока |
| • 591 пресуди за одземени наркотици, психотропни супстанци и прекурзори | • 12 одлуки/акти за привремен одземени наркотици, психотропни супстанц и прекурзори. |
| • 2 пресуди за одземени монети/банкноти-археолошки артефакти | • /одлуки/акти за привремен одземени монети/банкноти-археолошк артефакти (НЕМА) |
| • 2 пресуди одземени благородни метали/предмети | • 2 одлуки/акти за привремен одземени благородни метали и предмети |
| • пресуди за одземени животни (НЕМА) | • 3 одлуки/акти за привремен одземени животни |
| • 1 пресуда за одземен недвижен имот | • одлуки/акти за привремено одземе недвижен имот (НЕМА) |

| | |
|---|---|
| • Хартии од вредност,електронски пари и удели ( НЕМА) | • Хартии од вредност, електронски пари и удели ( НЕМА ) |

## 4.1 КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ

Согласно налозите и задолженијата од правосилните пресуди во делот на конфискацијата на противправно стекната имотната корист како принос од кривично дело, Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година изврши наплата на противправно стекната имотна корист во износ од 45.622.034,00 денари, кои средства согласно закон се уплатени во Буџет на РСМ.

## 4.2.ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година врз основа на пресуди од страна на надлежни институции примени се и евидентирани парични средства и тоа:

- Конечно одземени парични средства:

Износ од 65.857 евра, 1.402 американски долари, 8.460 швајцарски франци, 290 српски динари, 200 албански лек, 400 турски лири, 200 круни, 10 канадски долари

- Привремено одземени парични средства:

Износ од 262.539 евра, 51.860 денари, 5.611 долари, 7.900 британски фунти, 30 шфајцарски франци, 390 српски динар, 70 лева и истите се предадени во Народна Банка на Република Северна Македонија.

## 4.3.ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ

* Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година започната е постапка за за продажба на конфискуван имот и од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен донесени се Одлуки за продажба на недвижен имот кои се конфискувани со правосилни пресуди и истите се доставени до Владата на Република Северна Македонија за давање на согласност за продажба и тоа:

1.Конфискуван имот –земјиште-запишан во Имотен лист 1501, КО Богородица

2. Стан на ул. „Охридска“ бр.84, Охрид, број на зграда 1, намена на зграда ССЗ, кат ПР, со внатрешна површина од 90 м2, КП 15976, КО Охрид 3

3. Стан на ул. „М.Митевски“ бр.3/1-2, Скопје, број на зграда 1, влез 01, кат ПР, број 002, со внатрешна површина од 45 м2, КП 2019 дел 1, КО Чаир

4. недвижен имот - стан на ул. „Бихачка“ бр.3 Скопје, број на зграда 1, намена на зграда, намена на зграда/друг објект А2-1, влез 1, кат 3, број 16, со внатрешна површина од 57 м2, КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1 и – недвижен имот на ул. „Бихачка“ бр.3 Скопје, број на зграда 1, намена на зграда, намена на зграда/друг

објект лоѓии, балкони и тераси, влез 1, кат 3, број 18, со внатрешна површина од 8 м2, КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1

5.Недвижен имот на ул. „Бихачка" бр.3 Скопје, број на зграда 1, намена на зграда, намена на зграда/друг објект А2-1, влез 1, кат 3, број 18, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 6 м2, КП 107 дел 1, КО Кисела Вода 1, запишан во Имотен лист бр.31682 и – недвижен имот - стан на ул. „Бихачка" бр.3 Скопје, број на зграда 1, намена на зграда, намена на зграда/друг објект А2-1, влез 1, кат 3, број 18,намена на посебен/заеднички дел од СТ со внатрешна површина од од 38м2КП 107 дел 1 КО Кисела Вода 1 запишан во ИЛ .бр.316821/1.

6. Недвижен имот апартман на ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 200м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819 и – Недвижен имот ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 48 м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819

7. Недвижен имот апартман на ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 199 м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819 и – Недвижен имот ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 48 м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819

8. Недвижен имот апартман на ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 155 м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819 и – Недвижен имот ул.Тодор Александров бр.79 Скопје внатрешна површина од 95 м2 КП 2606 дел 1 КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.160819

9. Недвижен имот на КП 2592 дел 3 Имотен лист бр. 1580, КО МОРАНИ мв.Долно Поле план 8 скица 71 кк зз Н класа 7 со површина од 56.818,07 м2, 1/1

10. Недвижен имот- деловен простор во ГТЦ Скопје бр. на зграда 7 намена , згради во останато стопанство, кат 01, Д 58, со внатрешна површина од 84м2 КП12079 КО Центар 1 запишан во ИЛ.бр.43828.

11. Недвижен имот – апартман на ул. Славејко Арсов бр.138 Скопје број на зграда 1 намена на зграда друг објект А4-7 влез 01 кат2 број 8, намена на посебен/заеднички дел од зграда А со внатрешна површина од 94м2 КП 2424 дел 23, КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.16375 и – недвижен имот апартман на ул. Славејко Арсов бр.138 Скопје намена на зграда друг објект А4-7 влез 01 кат МА број 8, намена на посебен заеднички дел од зграда, А со внатрешна површина од 89м2 КП 2424 дел 23, КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.16375

12. Недвижен имот – апартман на ул. Славејко Арсов бр.138 Скопје број на зграда 1 намена на зграда друг објект А4-7 влез 01 кат2 број 7, намена на посебен/заеднички дел од зграда А со внатрешна површина од 94м2 КП 2424 дел 23, КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.16375 и – недвижен имот апартман на ул. Славејко Арсов бр.138 Скопје намена на зграда друг објект А4-7 влез 01 кат МА број 7, намена на посебен заеднички дел од зграда, А со внатрешна површина од 89м2 КП 2424 дел 23, КО Центар 2 запишан во ИЛ.бр.16375

*Од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на седница одржана на 20.02.2025 година донесени се Одлуки за продажба на недвижен имот и за истите е започната постапката и тоа за следните недвижности:

а) Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар која е во сопственост на повеќе сосопственици бр.02-911/3 од 20.02.2025 година, за недвижен имот опишан во ИЛ.бр.90174 КО Битола 3

б) Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот што се состојат од недвижна ствар која е во сопственост на повеќе сосопственици бр.02-911/4 од 20.02.2025 година, за недвижен имот опишан во ИЛ бр.230 за КО Гази Баба

*Во наведениот период Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесе Одлука за отстапување на недвижен имот на ЈП за државни патишта и започната е постапката за отстапување на недвижниот имот кој е конфискуван со правосилна пресуда и тоа (КП бр.2213 дел 1 викано место/улица Газни дол кк зз/пс класа4 со површина од 418м2 и КП бр.2214 дел 1 викано место улица Газни Дол , кк зз/пс класа 4 со површина од од 1.228м2 запишана во ИЛ бр.306 за КО ПОПОЕЦ)

## 4.4.ПРОДАЖБА НА ПОДЗВИЖЕН ИМОТ/ВОЗИЛА

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен реализира продажба на одземен подвижен имот – возила, одземен со правосилни одлуки и тоа:

Продадени возила на прво јавно наддавање

1.ПМВ SEAT LEON- продадено за 181.501,00 денари

2.ПМВ VOLKSVAGEN GOLF- продадено за 188.500,00 денари

3.ПМВ SKODA OCTAVIA – продадено за 145.800,00 денари

4.ПМВ VOLKSVAGEN GOLF, продадено за 106.000,00 денари

5.ПМВ AUDI A3, продадено за 38.500,00 денари

6.ТМВ FIAT DUKATO, продадено за 79.600,00 денари

7.ПМВ AUDI A3, продадено за 91.000,00 денари

8.ТМВ FORD TRANZIT, продадено за 218.000,00 денари

9.ПМВ BMW X3, продадено за 260.300,00 денари

10.ПМВ KIA STINGER, продадено за 633.200,00 денари

11.ТМВ MAN B163 L C33, продадено за 136.000,00 денари

12.ТМВ MERCEDES –BENZ ATEGO 818, продадено за 222.000,00 денари

13.ТМВ VOLKSVAGEN TRANSPORTER, продадено за 159.000,00 денари

14.LAND ROVER DISKAVERY, продадено за 1.285.700,00 денари

15.ТМВ MERCEDES-BENZ E-CLASA, продадено за 1.542.000,00 денари

Вкупно: 5.287.101,00 денари од кои 93 % од паричните средства се уплатени во Буџетот на РСМ, а 7 % се уплатени на посебна сметка на Агенцијата за управување со одземен имот.

-Продадени возила на второ јавно наддавање

1.ТМВ FORD TRANZIT, продадено за 247.250,00 денари

2.ТМВ CITROEN JAMPER, продадено за 221.375,00 денари

3.ПМВ CHEVRPLET CRUZE, продадено за 189.500,00 денари

4.ПМВ FORD TRANZIT, продадено за 559.104,00 денари

5.ПОЛУПРИКОЛКА KRONE, продадено за 176.750,00 денари

6.ПМВ AUDI A2, продадено за 63.500,00 денари

7.ПМВ FORD FOKUS, продадено за 111.500,00 денари

8.ПМВ SEAT LEON, продадено за 180.000,00 денари

9.ПМВ FORD FIESTA 191.250,00 денари

Вкупно:1.940.229,00 денари од кои 93 % од паричните средства се уплатени во Буџетот на РСМ, а 7 % се уплатени на посебна сметка на Агенцијата за управување со одземен имот.

- Во наведениот период од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се Одлуки за отпочнување на постапките за продажба на вкупно 384 одземени подвижни предмети- хаварисани возила, со третман на отпаден материјал и започната е постапката за продажба на хаварисаните возила .

**4.5.ОТСТАПЕНИ ВОЗИЛА** Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се Одлуки за отстапување на вкупно 13 возила од кои: Во наведениот период врз основа на Одлики од страна на Владата на република северна Македонија за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи, отстапени се 9 возила на Министерството за внатрешни работи (МВР) на Република Северна Македонија и тоа:

1. ПМВ МЕРЦЕДЕС БРНЗ Г 350 Д

2.ПМВ МАЗДА 6

3. ПМВ ФОРД Фокус

4, ПМВ ОПЕЛ Вектра

5. ПМВ ОПЕЛ Фронтера

6.ПМВ ЛАНД РОВЕР

7.ПМВ АУДИ А6 (KU-7047-AD)
8.ПМВ БМВ
9.ПМВ АУДИ А6 (VA-3233-AB)

-Исто така во наведениот период од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се Одлуки за отспапување на 3 -возила на Јавното Претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта (Македонија Пат) и истите одлуки се доставени до Влада на Република Северна Македонија за добивање на согласност.

- Во периодот од 01.01/2025 до 30.06.2025 година од страна на Управниот одбор на Република Северна Македонија донесена е Одлука за отспапување на 1-возило (трактор) за општина Ресен. Одлукатаесе доставена до Влада на Република Северна Македонија за добивање на согласност.

## 4.6. ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

По однос на отстапување на друг одземен имот во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот има отстапено разна стока (лесно расиплива стока овошје и зеленчук) на следните државни институции: ЈУ Ученички дом „Професор Мијалковиќ"- Куманово, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Гевгелија, Дневен центар за лица со попреченост – Гевгелија, КПУ Затвор Гевгелија, ЈОУ Детска радост – Гевгелија, како и (коњ црвена боја - 1 парче) на КПУ Затвор Идризово, (коњ кафеаво-бела боја - 1 парче) на КПУ Затвор Идризово, (говеда 3 парчиња и мазга-копотар - 4 парчиња) на КПУ Затворот Идризово Скопје, (гулаби - 16 парчиња, на КПУ Затворот Идризово Скопје, (кози - 3 парчиња, овци – 4 парчиња, говеда - 8 парчиња, коњ копитар - 1 парче) на КПУ Затворот Идризово Скопје, ананас – 125 кг, авокадо – 16 кг, ѓумбир – 20 кг, манго – 13,95 кг, лимета (зелен лимон) - 14,7 кг, Дињи – 20,7 кг, сладок компир – 25,2 кг) на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, (ананас – 125 кг, авокадо – 16 кг, ѓумбир – 25 кг, манго – 13,95 кг, лимета (зелен лимон) - 14,7 кг, Дињи - 20,7 кг, Сладок компир – 25,2 кг) на ЈОУДГ Детска Радост Гевгелија, (ананас - 500 кг, авокадо – 49,5 кг, ѓумбир – 75 кг, манго – 46,5 кг, лимета (зелен лимон) – 59 кг, дињи – 69 кг, сладок компир – 874,5 кг) на ЈУОУД „Професор Мијалковиќ" Куманово, (ананас – 125 кг, авокадо – 8 кг, Ѓумбир – 15 кг, Манго – 9,3 кг, лимета (зелен лимон) - 9,8 кг, Дињи – 13,8 кг, сладок компир – 12,6 кг) на КПУ Затвор Гевгелија, (ананас - 125 кг, авокадо – 8 кг, ѓумбир – 15 кг, манго – 9,5 кг, лимета (зелен лимон) – 19,6 кг, дињи - 13,8 кг, сладок компир – 12,6 кг) на Општа болница со проширена дејност Гевгелија, (мандарини-80 пакети) на ЈЗУ Општа болница Струмица, (мандарини-80 пакети) на ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ", (мандарини-160 пакети) на КПУ Затвор Идризово, (мандарини-440 пакети) на КПУ Затвор Идризово, (мандарини-90 пакети) на ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, (јапонско јаболко-18 кг, јаболка-105 кг, мандарини-60 кг,зЗелка-90 кг, компир-45 кг, тиква-24 кг, морков-15 кг, млади тиквици-6 кг, калинки-2 кг,

Домат црвен-6 кг, Пипер зелен-3 кг, марула-2 кг, магданос-6 китки, праз-2 снопчиња, цвекло-10 кг, кромид-стар-30 кг, спанаќ-1 кг, зелен домат-10 кг, портокал-3 кг, карфиол-1 кг, пашканат-2 парчиија) на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" Куманово, (мандарини-80 пакети) на ЈОУДГ Детска Радост Гевгелија, (мандарини-90 пакети) на КПУ Затвор Гевгелија, (мандарини-60 пакети) на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Гевгелија, (пипер-290 пакувања, домат-70 пакувања, краставица-15 пакувања) на КПУ Затвор Прилеп, (пипер-140 пакувања, Домат-70 пакувања) на КПУ Затвор Прилеп, (пипер-1120 пакувања, домат-560, краставица-10 пакувања) на КПУ Затвор Прилеп, (пипер-1000 пакувања, домат-150 пакувања) на КПУ Затвор Прилеп, (коза кафеава боја-1 парче, коза кафеава боја-1 парче, јаре со бела и кафеава боја-1 парче) на КПУ Затвор Идризово, (коњ со црвена боја - 1 парче, коњ со сиво-црна боја – 1 парче) на КПУ Затвор Идризово, (коњ со црвена боја со самар - 1 парче, коњ со црна боја – 1 парче) на КПУ Затвор Идризово, (крави-2 парчиња) на КПУ Затвор Идризово, (телиња-3 парчиња) на КПУ Затвор Идризово,(Овни-16 парчиња) на КПУ Затвор Идризово,(јариња-37 парчиња) на КПУ Затвор Идризово, (јагниња-63 парчиња) на КПУ Затвор Идризово.

## 4.7.ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ, ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година врз основа на одлуки примени се на чување и понатамошно управување вкупно 95 патнички моторни возила меѓу кои: комби возила, теренски возила и товарни возила, ( 10 мотори/моторцикли), 3 трактори, 19 запрежни коли и 5 самонаправени приколки.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапила по 67 / одлуки/записници/потврди за привремено одземање на возила. Возилата се примени во депоата на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ, се до завршување на судските постапки.

## 4.8.ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ

-Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапи по вкупно 15 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на цигари – тутун. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување разни видови и марки на цигари, ситно сецкан тутун, режан тутун, електронски цигари и полначи за цигари, пакуван и рефусен тутун, различни видови наргиле,зелен тутун во листови, во различни форми и пакования и тоа : цигари 110 штеки од разни марки. Во наведениот период во Агенцијата нема примено правосилни пресуди/одлуки за одземање на алкохол .

-Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 72 одлуки / потврди за привремено одземање на цигари- тутун од надлежни институции. Привремено одземените предмети се наоѓаат во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки. Во наведениот период во Агенцијата нема примено одлуки / потврди од надлежни институции за привремено одземање на алкохол .

### 4.9.ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година постапила по вкупно 86 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции. Врз основа истите во Агенцијата се примени на чување и понатамошно управување разни видови на оружје: ПИШТОЛИ со различен калибар,марка и големина. ПУШКИ автоматски, полуавтоматски , ловни и воздушни, НОЖЕВИ од различни марки со различна димензија на сечиво и облик, ДРВЕНИ БЕЗБОЛ ПАЛКИ, ЕЛЕКТРИЧНИ ПАРАЛИЗАТОРИ, МЕТАЛНИ БОКСИРАЧИ, ЛАДНО ОРУЖЈЕ-СКАЛПЕЛИ и СЕЧИЛА од различни видови и големини, КУРШУМИ со различен калибар, марка и пaковање како и ловни патрони, детално опишани во пресудите, како и распрснувачки материјали - петарди.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапи по 33 одлуки/ наредби за привремено одземање на оружје од надлежни институции и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

### 4.10.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапи по задолженијата на 367 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на разна стока. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување разни видови на стока и тоа: МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, РИБИ, ФАЛС ДОКУМЕНТИ, РАЗНИ ЛЕКОВИ, ДОКАЗЕН МАТЕРИЈАЛ, ТЕКСТИЛ, МОТОРНИ ПИЛИ, ОПТИЧКИ НАОЧАРИ, ЗАПАЛКИ, РИБОЛОВНИ ТРСКИ, СЕКИРИ, РАЧНИ ЧАСОВНИЦИ, РАЧНИ ПИЛИ, МОТОРЦАНГЛИ, ЛАДИЛНИЦИ И МАШИНИ ЗА РАЗЛИЧНА НАМЕНА, КОМПЈУТЕРИ, ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ, ПАСОШИ, ЛИЧНИ КАРТИ, КОШУЛИ, ТРЕНЕРКИ, РАКАВИЦИ, КОЗМЕТИКА, ПАРФЕМИ, АЛАТИ ЗА РАБОТА, МАИЦИ, ТАБЛЕТИ, БРАВИ ЗА ВРАТА, КАЈЧИЊА, МЕТАЛНИ ДЕТЕКТОРИ, ХЕБЛИ, ЧАНТИ, ЗИДНИ ЧАСОВНИЦИ, ПРЕКРИВАЧИ и др.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапи по 230 одлуки / акти на судовите, обвинителствата и надлежните институции за

привремено одземање на разна стока и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.11.ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРЗОРИ

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година постпила по вкупно 591 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции , врз основа на кои во Агенцијата примени се на чување и понатамошно управување разни видови на наркотици и психотропни супстанци МАРИХУАНА, АМФЕТАМИН, ХЕРОИН, КОКАИН, КАНАБИС семки, МЕТАМФЕТАМИН, психотропна супстанца, РАЧНО ИЗРАБОТЕНИ ЦИГАРИ, КАНАБИС КОРЕНИ, ЦИГАРИ ЏОИНТ, МЕТАДОН, ТАБЛЕТИ БУПРЕНОРФИН, ПРАШКАСТА, ГРУТИЕСТА МАТЕРИЈА, СУВ ЦВЕТ МАРИХУАНА , НАРКОТИКА РАЗНИ сите се примени со записник и оставени на чување во магацин во ЕБР-Ѓорче Петров до конечната одлука или наредба од страна на судот или обвинителството за нивното уништување.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата постапи по 12 пресуди / одлуки /решенија/ наредби на судови, обвинителства и надлежни институции за привремено одземање на разни наркотици и психотропни супстанци и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.12.ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/ Археолошки предмети и артефакти

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот примени се 2 одлуки врз основа на кои примени се предмети од археолошко наследство:1 фигура во вид на був, 1 фигура во вид на вазна делумно оштетена, 1 фигура во вид на вазна од метал, 1 фигура во вид на војник од метал, 1 фигура во вид на свинга, 1 фигура во вид на коњ, 1 фигура во вид на три бува, 1 фигура во вид на човек-Исус, 1 фигура во вид на круг, 1 фигура во вид на топ, 40 метални монети во неправилна форма и различна големина, 12 метални предмети во различна форма, 1 предмет во неправилна форма од камен, 1 виолина дрвена во црна кутија за истата, 2 бронзени фигури изработени во форма на човечиња-Меркјури и 2 метални нараквици-белегзии кои се предадени на НУ Археолошки музеј, и 5 златни монети во вкупна нето тежина од 69,8 гр одземени од Царинската управа на РСМ, наведените предмети се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

Во наведениот период до Агенцијата нема потврди /акти за привремено одземање на предмети на надлежни институции.

## 4.13.ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/ПРЕДМЕТИ

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година постапено е по се 2 одлуки врз основа на кои примени се : 1 златен прстен со тежина од 4,30 гр, 1 златен прстен со тежина од 4,30 гр, 1 златен прстен со тежина од 4,30 гр, 1 златен прстен со тежина од 3,62 гр, 1 златен прстен со тежина од 4,23 гр, 1 златен прстен со тежина од 2,56 гр, 1 златен прстен со тежина од 3,12 гр, 1 златен прстен со тежина од 2,30 гр, 2 златни прстени со тежина од 4,84 гр и 1 златен ланец со тежина од 21,47 гр, се вкупно тежина од 46,48 гр, 1 круна, 1 ланче со три монети, 1 ланче со 7 монети, 2 ланчиња со 5 монети, 2 нараквици, 1 ланче со 11 монети, 8 обетки, 7 прстени, 2 привезок, наведените предмети се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година постапила по 2 одлуки – потврди за привремено одземање на предмети на надлежни институции за ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ. Привремено одземените благородни метали/предмети од страна ан Агенцијата за управување со одземен имот се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

## 4.14.ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година до Агенцијата за управување со одземен имот не се доставени правосилни-конечни пресуди/одлуки од суд или други надлежни институции за одземање на живи животни.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 1 одлука/акт од надлежни институции за привремено одземање и со записник 001/25 од 03.01.2025 година во депо Идризово предадени се на чување 1 кутија со 14 гулаби шарена боја, 1 кутија со 6 гулаби шарена боја и 4 вреќи од по 10 кг храна за гулаби.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 1 одлука/акт од надлежни институции за привремено одземање и со записник 146/24 од 12.12.2024 година во депо Идризово примени се 26 белгиски канаринци и 4 вреќи храна за птици, истите се однесени во Зоолошка градина Битола.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 1 одлука/акт од надлежни институции за привремено одземање на живи животни и тоа 16 овци, од кои 10 со ушни маркици и истите со записник бр.04/25 од 20.01.2025 година се предаени на КПУ Идризово на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ .

## 4.15.КОНФИСКУВАН ИМОТ

Во пе́риодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на правосилни пресуди направена е промена на сопственоста во Агенцијата за катастар на РСМ, во корист на РСМ Агенција за управување со одземен имот и тоа на следниот конфискуван имот:

- недвижен имот запишан во ИЛ.бр.26312 за КО Битола ½

## 4.16.ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕЖЕН ИМОТ (ДИВОГРАДБИ)

Од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот донесени се 40 (четириесет) одлуки за предавање на одземен недвижен имот на повеќе општини (дивоградби) кои недвижни имоти со се одземени со правосилни пресуди на судовите на Република Северна Македонија во корист на Република Северна Македонија и тоа:

1.Одлука бр.02-911/16 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Центар Жупа.

2.Одлука бр.02-911/22 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Тетово.

3.Одлука бр.02-911/25 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Струга.

4.Одлука бр.02-911/17 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина општина Тетово.

5.Одлука бр.02-911/26 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Радовиш.

6.Одлука бр.02-911/18 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Липково.

7.Одлука бр.02-911/14 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

8.Одлука бр.911/23 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

9.Одлука бр.911/24 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (дивоградба) на општина Велес.

10.Одлука бр.02-911/11 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Дебар.

11.Одлука бр.02-911/9 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Битола.

12.Одлука бр.02-911/15 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

13.Одлука бр.02-911/13 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

14.Одлука бр.02-911/40 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

15.Одлука бр.02-911/31 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Кочани.

16.Одлука бр.02-911/27 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

17.Одлука бр.02-911/7 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Гевгелија.

18.Одлука бр.02-911/28 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (дивоградба) на општина Сопиште.

19.Одлука бр.02-911/19 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

20.Одлука бр.02-911/33 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

21.Одлука бр.02-911/35 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Велес.

22.Одлука бр.02-911/8 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

23.Одлука бр.02-911/30 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Кавадарци.

24.Одлука бр.02-911/42 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (дивоградба) на општина Куманово.

25.Одлука бр.02-911/36 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Центар Жупа.

26.Одлука бр.02-911/20 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Куманово.

27.Одлука бр.02-911/29 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (диоградба) на општина Куманово.

28.Одлука бр.02-911/34 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (диоградба) на општина Кичево.

29.Одлука бр.02-911/32 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Василево.

30.Одлука бр.02-911/46 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Василево.

31.Одлука бр.02-911/21 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Кавадарци.

32.Одлука бр.02-911/12 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (диоградба) на општина Кочани.

33.Одлука бр.02-911/44 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Кочани.

34.Одлука бр.02-911/10 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (диоградба) на општина Кавадарци.

35.Одлука бр.02-911/39 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Куманово.

36.Одлука бр.02-911/41 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Куманово.

37.Одлука бр.02-911/43 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Куманово.

38.Одлука бр.02-911/45 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (диоградба) на општина Свети Николе.

39.Одлука бр.02-911/37 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е безправно изграден (диоградба) на општина Желино.

40.Одлука бр.02-911/38 од 20.02.2025 година за предавање на одземен недвижен имот кој е бесправно изграден (дивоградба) на општина Тетово.

Сите овие 40 одлики се доставени до Влада на Република Северна Македонија за давање на согласност за предавање на бесправно изградените објекти на единицата на локална самоуправа на нејзина натамошна надлежност.

Согласно член 66 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25,101/25 и 135/25), Агенцијата по предлог на Управниот одбор врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија го предава на единицата на локална самоуправа на нејзина натамошна надлежност.

Единицата на локална самоуправа е должна да поведе постапка истиот имот да го легализира или да го урне во рок од шест месеци од приемот. Доколку имотот се легализира, единицата на локална самоуправа има право да стопанисува со недвижноста согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

## 4.17.ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ И УДЕЛИ

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.20205 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на седница одржана на 14.05.2025 година донесени се 9 одлуки за продажба на акции кои се во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот и истите се доставени до Владата на Република Северна Македонија за добивање на согласност за продажба, и тоа следните одлуки:

1. Одлука за продажба на акциите на Арцелормитал Скопје 9 ХРМ) АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/9 од 14.05. 2025 година

2. Одлука за продажба на акциите на РЖ Услуги АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/10 од 14.05.2025 година

3. Одлука за продажба на акциите на Славија АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/11 од 14.05.2025 година

4. Одлука за продажба на акциите на Уготур АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/12 од 14.05.2025 година

5. Одлука за продажба на акциите на Халк Банк АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/13 од 14.05.2025 година

6. Одлука за продажба на акциите на Стопанска Банка АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/14 од 14.05.2025 година

7. Одлука за продажба на акциите на Попова Кула АД Демир Капија во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/15 од 14.05.2025 година

8. Одлука за продажба на акциите на ТТК Банка АД Скопје во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/16 од 14.05.2025 година

9. Одлука за продажба на акциите на Тутунски Комбинат АД Прилеп во сопственост на Агенција за управување со одземен имот бр.02-2223/17 од 14.05.2025 година

## 4.18. УНИШТУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ, ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот извршени се вкупно 3 уништувања на одземени предмети кои не можат да се продадат поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини, како и поголема количина на тутунски, алкохолни и други производи за кои не постои декларација или се фалсификати и истите согласно чл.71 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, задолжително се уништуваат. Извршено беше уништување на следната разна стока: храна, акцизна стока (цигари, тутун, алкохол) , текстил и лекови и уништена е вкупна количина од 75,06 тони.

# V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, Агенцијата за управување со одземен имот ја продолжи својата мисија за професионално,

ефикасно и транспарентно управување со одземениот и конфискуваниот имот во Република Северна Македонија.

Наведениот период беше исполнет со значајни предизвици, но и со видлив напредок во делот на зајакнување на кадровските и техничките капацитети. Преку спроведување на активности во рамки на европскиот План за раст и Реформската агенда, а во согласност со Националната стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација, Агенцијата го постави темелот и го трасираше патот за понатамошна модернизација и ефективност на своето работење.

Агенцијата за управување со одземен имот во овој период интензивно работеше на анализа на своите кадровски капацитети и презеде конкретни мерки за нивно зајакнување.

5.1. Во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација, Агенцијата е организирана во три сектори и едно посебно одделение:

- Сектор за правни работи (2 одделенија)
- Сектор за финансиски прашања (2 одделенија)
- Сектор за оперативно работење (3 одделенија)
- Одделение за управување со човечки ресурси (посебно одделение)

Од вкупно систематизирани 79 работни места, пополнети се 39 (48%):

- Административни службеници: 15 од 47 (30%)
- Помошно-технички лица: 25 од 32 (78%)

За целосно екипирање, потребно е да се вработат уште 40 лица (8 технички лица и 32 административни службеници).

## VI. РЕФОРМСКА АГЕНДА -План за раст и обврски

Во согласност со Реформската агенда 2024–2027 и Планот за раст, Агенцијата за управување со одземен имот има обврска да спроведе три стратешки активности:

1. Целосно екипирање на Агенцијата (до јуни 2025),
2. Набавка и имплементација на електронски регистар (до март 2026),
3. Изградба на магацини за одземен и конфискуван имот (до крај 2026).

Преземените активности во врска со реализацијата на обврските во период Јануари – Јуни 2025:

Согласно активностите предвидени во Реформската агенда, особено во делот 5.7.1.1 – „Пополнети се сите слободни места на Агенцијата“, како и во согласност со обврските што произлегуваат од Планот за раст, Агенцијата за управување со одземен имот презеде повеќе конкретни и последователни мерки со цел обезбедување човечки, технички и просторни капацитети за целосно и ефикасно извршување на своите надлежности.

Во првото полугодие од 2025 година, Агенцијата за управување со одземен имот презеде низа значајни активности поврзани со кадровското екипирање и унапредување на организациските капацитети, во согласност со обврските од Реформската агенда и Планот за раст.

Јануари

- Во рамки на К5 програмата на Министерството за односи меѓу заедниците, трајно беше преземен еден административен службеник (помлад референт).

- Доставено е барање до Министерството за финансии за финансиска согласност за вработување на дополнителни 4 извршители на определено време, поради зголемен обем на работа. Одговор од Министерството беше негативен, со образложение дека нема обезбедени финансиски средства.

Февруари – Март

- Испратен е втор извештај до Министерството за правда со детална анализа на состојбата со работните места и потребите за екипирање.

- Номинирани се контакт лица за комуникација со институциите на Европската Унија.

- Продолжи комуникацијата со Министерството за правда преку допис со приложена кореспонденција со Министерството за финансии, при што беше нагласена важноста на кадровското пополнување за ефикасно функционирање на Агенцијата и исполнување на европските обврски.

Април

- Поднесено е барање за ангажирање на 3 лица со договор на дело за стручна помош во финансии, јавни набавки и правно-оперативни работи, за период од 7 месеци. Одговор од Министерството за финансии беше негативен поради недостиг на средства, иако Агенцијата имаше одобрено финансиски средства во Буџетот на Република Северна Македонија за договорни услуги.

- Истовремено, доставено е барање за одобрување на Годишниот план за вработување за 5 приоритетни работни места. Министерството за финансии подоцна даде согласност и финансиска поддршка за вработување на 2 раководители на одделенија, 2 стручни и 1 техничко лице. (*за кои во ЈУНИ се отпочнаа постапките за објава на оглас).

Мај

• Поднесено е барање за финансиска согласност за вработување 13 извршители на определено време поради зголемен обем на работа, на кое сè уште се чека одговор.

• Поднесено е барање до Државното правобранителство за преземање на административен службеник – виш соработник архивар, кое беше одбиено.

• Изготвена и финализирана е функционална анализа на систематизираните работни места согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

• Подготвена е Информација до Управниот одбор со преглед на преземените активности, идентификуваните ризици и потреби, како и предлог за натамошно постапување и иницирање активности на повисоко институционално ниво.

• Доставена е Информација до Влада со предлог заклучоци

Јуни

• Добиена е финансиска согласност на Годишниот план за вработување за 2025 за 5 извршители, за што Агенцијата ги отпочна постапките и објавата на огласите.

## VII. УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИ ПЛАН ЗА РАСТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Агенцијата превзеде иницијативи за институционално екипирање:

• Изградба на современ магацински центар за складирање и управување со одземен имот, со површина од 30.000 м², вклучувајќи специјализирани магацини, катна гаража и еко-решенија.

• Набавка на интегриран ИКТ систем за евиденција, следење и управување со одземениот имот, со цел зголемување на транспарентноста и ефикасноста.

• Обнова на техничката опрема и инфраструктурата на Агенцијата, вклучувајќи возила, ИТ опрема и безбедносни системи.

Овие иницијативи се во согласност со реформската агенда на Владата и се поддржани преку инструментот за реформи и раст, кој беше ратификуван од Собранието во јануари 2025 година.

### 7.1 ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Имено и покрај ограничувањата во кадровската поддршка и финансиските ресурси, Агенцијата постигна значителен напредок во планирањето и подготовката на системски реформи.Со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврските од Планот за раст и националните стратешки документи, неопходно е:

- Министерството за финансии итно да даде согласност за потребните нови вработувања.
- Да се обезбеди финансиска поддршка за набавка на Е-регистарот
- Да се обезбеди финансиска поддршка за изградба на нови магацински капацитети.

Агенцијата останува посветена на унапредување на транспарентноста, ефикасноста и одговорното управување со одземениот имот, во интерес на правдата и јавниот интерес.

## VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 8.1. Соработка со државни органи и други институции

Во наведениот период, Агенцијата оствари интензивна и координирана соработка со:

- Министерството за внатрешни работи,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Управата за финансиска полиција,
- Царинската управа,
- Управата за јавни приходи,
- Судовите,
- Министерството за правда,
- Други надлежни институции.

Клучни достигнувања:

- Зајакната координација за предавање, проценка, чување и продажба на одземениот имот.
- Заеднички активности за унапредување на нормативната рамка за управување со конфискуван имот.

Остварени се редовни координативни состаноци за подобрување на постапките за извршување на правосилните судски пресуди и конфискација, предавање, проценка, чување и управување со одземениот имот. Изготвен е акциски план, согласно кој предвидени се склучување на меморандуми за соработка и оперативни протоколи за наредната година.

8.2. Учество во проекти

Во наведениот период, Агенцијата беше активен партнер во следниве проекти:

- ИПА 2021 - LERMS проект (Law Enforcement Records Management System):

➔ Учествуваме како краен корисник во воспоставување електронски систем за водење на евиденција на институциите за спроведување на законот.

**Агенцијата за управување со конфискуван имот моментално работи без централизиран информациски систем, потпирајќи се наместо тоа на дисперзирани записи што се водат во различни досиеја. За да се надмине овој јаз, тимот на проектот LERMS тесно соработува со Агенцијата за да дизајнира и имплементира минимален дигитален регистар на конфискуван имот. Овој регистар ќе биде структуриран според дефинициите утврдени во важечките закони и подзаконски акти.**

**Во првите шест месеци до 2025 тимот на Агенцијата за управување со одземен имот соработуваше со тимот на ЛЕРМС во насока на дефирнирање на електронскиот регистар на одзмен и конфискуван имот и дефинирање на функционалните побарувања.**

Примарната цел на оваа соработка е двојна: да се поддржи Агенцијата во одржувањето на организирани, структурирани записи и да се обезбеди обезбедување релевантни податоци за системот LERMS. Развојот на овој основен модул претставува клучен чекор кон евентуална целосна интеграција.

## IX.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Агенцијата за управување со одземен имот во иднина ќе продолжи да управува со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети како и навремено и целосно постапување по правосилните пресуди за конфискација на имот и имотна корист, ефикасно управување, продажба и остварување на приходи во Буџетот на Република Северна Македонија, согласно чл.7 од Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25, бр.86/25 и бр.101/25 и 135/25.

Агенцијата за управување со одземен имот согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност, воспоставува систем на одговорна и отчетна државна служба пред граѓаните и Владата на република Северна Македонија, во однос на управувањето, отстапувањето и и продавањето на конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

Агенцијата и во иднина со сите расположливи капацитети ќе ги спроведува надлежностите согласно законот со кои значително се зголемија обврските , за што апелираме во соработка со Владата на Република Северна Македонија да се разгледа можноста да се зголемат пред се човечките и просторните капацитети со цел ефикасно управување со одземениот имот, соодветно сместување и складирање, пред се успешна продажба на имотот со цел зголемување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија.

Директор на

Агенција за управување со одземен имот

Ирена Илиевска